Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-44/4
06-02-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-613/1 од 21.11.2022 година поднесена од [redacted] од Велес, против [redacted] од Велес, за извршена дискриминација врз основа на политичка определба во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 3.2.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-613/1 од 21.11.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичка определба во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted]

Подносителката на претставката е вработена во МВР на работно место Помлад полицаец во ПК Богомила, ПС Велес, СВР Велес. Исто така е актуелен претставник за ПС Велес на Синдикатот на Полиција во Македонија.

Во претставката подносителката истакнува дека подолг временски период единствено врз нејзе се врши дискриминација во поглед на тоа што не е ангажирана на работа подолга од полното работно време, односно прекувремена работа и работа на празник. Наведува дека нејзините колеги кои се во истата смена во тој период се ангажирани на работа подолга од полното работно време.

Имено, како прв настан го издвојува тој на 1.8.2022 година кога за 2.8.2022 година била ангажирана на работа од 21:00 до 05:00 часот. За истиот ангажман, [redacted] кој во тој момент е помошник началник на СВР Велес, дава наредба на заменик командирот [redacted] да биде пречкртана во наредбата за вршење на позорна служба бр.2470 и на нејзино место да биде пишана нејзината колешка [redacted] Од дежурната служба понатаму била известена дека е слободна, со што на подносителката и било оневозможено да земе додаток за работа на празник.

Понатаму на ден 8.9.2022 година, според месечниот распоред требала да биде ангажирана во време од 14:00 до 22:00 часот, но повторно била известена од колега во дежурната служба дека помошник началникот [redacted] му наредил да и се јави и да и каже да не доаѓа тој ден на работа. Како доказ за ова таа го наведува фактот што [redacted] претходно отишол кај заменик командирот [redacted] и ја избришал од распоред, а ја ставил во графата за неделен одмор. За ова дознал командирот на ПС Велес, [redacted], кој лично ја допишал со пенкало во распоредот и ја потврдил нејзината смена од 14:00 до 22:00 часот. На ова [redacted] повторно дал наредба со пенкало да биде впишана во графата за неделен одмор.

На ден 10.9.2022 година, пак, била ангажирана на работа од 21:00 до 05:00 часот за следниот ден, односно 11.9.2022 година. Во текот на смената и било јавено од дежурната служба дека на 11.9, заедно со 11 други колеги се ангажирани прекувремено и треба да дојдат на работа во 13 часот. По неколку часа повторно и се јавиле од дежурната служба велејќи дека по наредба на помошник началникот [redacted] е пречкртана на распоредот и нема потреба да доаѓа прекувремено.

Сето ова кулминирало со тоа што на 21.9.2022 година, по претходен предлог на [redacted] добила решение за преместување во Полициска канцеларија Богомила. Таа истакнува дека канцеларијата е надвор од нејзиното место на живеење, без обезбеден превоз до и од работа, поради што е изложена на високи трошоци и патување со сопствено возило заради немање јавен превоз до местото на работа. Таа истакнува дека ова е спротивно на член 38 став 1 алинеја 1 од Колективниот договор на МВР и член 111 од Законот за внатрешни работи.

Дополнително на ова, истакнува дека додека била на позорна служба, се случувале секојдневни контроли и јавувања преку радио врска од страна на дежурниот каде после неколку минути [redacted] се појавувал на лице место и вршел незаконски контрола, брз да се потпише на самата наредба за вршење на служба. Каролина исто така во претставката вели дека за времетраењето на целиот тој период, работното место и било скоро неиздржливо поради притисоци и измислени дисциплински постапки. Таа смета дека ова е поради тоа што политички размислува поинаку од [redacted].

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.11.2022 година испрати Известување бр. 08-613/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].

На ден 14.12.2022 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на [redacted] како одговор на претставката. Тој најпрво истакнува дека како помошник началник на СВР Велес, нема никаква поврзаност со [redacted] во хиерархиската структура на СВР Велес, бидејќи таа работи во ПС ОН- Велес и нејзин надреден старешина е командирот на ПС ОН- Велес. Исто така ги негира наводите во однос на тоа дека на заменик командирот [redacted] му кажувал нешто во врска со подносителката, освен што секогаш се залагал за тоа да се работи одговорно и да не се прават непотребни трошоци и ангажирања на вработени кога нема потреба за истото.

Во однос на наводите по датуми, тој истакнува дека од 9-ти до 11-ти септември 2022 година, се одржувал поголем настан во Кавадарци, за кој согласно планот за работа, тој како највисок во хиерархијата на СВР Велес бил одговорен за планот за работа. Како одговорен, тој во дадениот момент ценел дека нема потреба од ангажирање премногу сили и средства, бидејќи со тие кои ги имале на располагање задачата ќе била завршена, па затоа наредил да бидат ослободени од работа [redacted] и [redacted].

Во врска со прераспоредувањето во МВР, наведува дека согласно член 37 од Колективниот договор, работникот може да биде распореден на друго работно место, а условите за истото се пропишани со член 38 од договорот. Согласно ова, а имајќи предвид дека ПК Богомила е во склоп на ПС ОН- Велес, тој смета дека прераспоредувањето е законско и без повреда на било кои права, бидејќи, како што вели, во ПК Богомила исто така работат полициски службеници кои се од Велес. Дополнително истакнува дека контроли од негова страна се вршат врз сите вработени во СВР Велес и за секоја контрола постои пишан материјал.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

За крај, истакнува дека иако претставката е поднесена за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување, тој не е член на ниедна политичка партија, ниту пак застапува определени партиски активности на некоја партија, туку единствено е во служба на МВР.

Со цел прибирање на соодветната документација за постапување по предметот, на ден 28.12.2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за достава на документација до СВР Велес, барајќи копии од:

- Наредба бр. 2470 од 1.8.2022 година;
- Решение за прераспоредување на [redacted] од 21.9.2022 година;
- Бројот на работни прекувремени часови за [redacted] во период од 1.1.2022 до 28.12.2022 година;
- Бројот на работни прекувремени часови на вработените во ПК Богомила ОВР Велес.

Следно, на ден 10.1.2023 година во 12 часот, Лимко Бејзароски- член на КСЗД, согласно член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, изврши непосреден увид во просториите на СВР Велес. На почеток разговорот беше воден со началникот на СВР Велес – [redacted] пред кого беа презентирани наводите од претставката на подносителката [redacted] и побарани документи кои ќе ја потврдат нивната веројатност. Началникот истакна дека [redacted] била тенденциозно преместена во ПК Богомила и истиот е подготвен за нејзино враќање на работното место во Велес, за што поднел и Барање за нејзино преместување назад од Боогмила во Велес. Во продолжение тој потврди дека превозот до сегашното нејзино работно место во ПК Богомила е целосно отежнат, поради што е приморана на повеќе наврати да преноќува на самото работно место во, како што началникот истакна, незадоволителни услови. Исто така дополни дека помеѓу вработените во ПК Богомила, моментално [redacted] е единственото женско лице.

Разговорот беше продолжен со заменик командирот на ПС – ОН Велес, [redacted] кој моментално ја врши функцијата командир, а пред кого исто така беа презентирани наводите од претставката на подносителката. Заменик командирот ги потврди наводите и ги врачи погореспоменатите документи потребни за постапување по предметот и мериторно одлучување. Видно од нив, [redacted] во периодот од 1.1.2022 до 28.12.2022 година остварила 50 работни прекувремени часови, додеката останатите вработени во ПК Богомила во истиот период ги оствариле следните прекувремени часови:

- [redacted] остварил 94 работни прекувремени часови
- [redacted] остварил 127 работни прекувремени часови.

Видно, пак, од наредбата за вршење на позорна дејност бр. 2470, [redacted] е пречкртана со пенкало и на нејзино место е допишана [redacted]. Во образложението на решението за распоредување на [redacted], се наведува дека истото е направено од причина што во целост се исполнети условите за распоредување од Законот за внатрешни работи, а со распоредувањето ќе се овозможи поефикасно извршување на функцијата на министерството.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршено вознемирување од страна на [redacted]

Имено, Комисијата утврди дека [redacted], од тогашната позиција на помошник началник на СВР Велес, на неколку наврати ја спречувал подносителката да оствари работни прекувремени часови со тоа што ја пречкртувал од веќе донесени распореди, како и тенденциозно ја преместил на работно место надвор од нејзиното место на живеење, до кое немала обезбеден превоз.

Преку таквиот начин на постапување, [redacted] извршил вознемирување согласно **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика".*

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди вознемирување врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] врз [redacted]

Во текот на изготвување на ова мислење, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна информација дека [redacted] со решение е вратена на нејзиното претходно работно место во ПС Велес. Со тоа, Комисијата констатира дека повредата нанесена со утврденото вознемирување, е отстранета.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од вознемирувачки дејствија, односно од постапувања што би имале за цел или последица повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Скопје
6.2.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk